**Изработила: Наумка Србиноска, ОУ Братство Единство-Охрид**

| Почеток на неделата: **датум:**<br>**број на час:16** | | | Единица: **Број и решавање проблеми П1**<br>**Операции со цели броеви** | | | Одделение **IX** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Активности** | | | |
| **Време** | **Цели на учење** | **Критериуми за успех** | **Опис** | Форми и техники<br>**Ц/Г/И** | **Ресурси** | **Доказ за постигнување** |
| 10 мин | Собира, одзема, множи и дели цели броеви.<br>Прецизно пресметува, избирајќи операции и ментални или пишани методи соодветни на броевите и контекстот. | Можам да собирам, одземам, множам и делам цели броеви<br>Можам прецизно да пресметувам, избирајќи операции и ментални или пишани методи соодветни на броевите и контекстот. | Активности за час<br>Наставникот ги истакнува критериумите за успех и им задава работен лист со: задачи за операции со цели броеви.<br>Наставникот и учениците дискутираат за операциите кои недостасуваат во правилата:<br>- Кога вие ____ негативен број, се поместувате кон десно на бројната права.<br>- Кога вие ____ позитивен број, се поместувате кон лево на бројната права.<br>- Доколку знаците се исти кога вие _____, одговорот ќе биде позитивен.<br>- Доколку знаците се различни кога вие _____, одговорот ќе биде негативен.<br>Учениците треба да наведат примери кои ги подржуваат нивните одговори. Докажете дека првите две правила важат за одземање; а вторите две важат за множење и делење.<br>Споделете примери.<br>*Кои две правила недостасуваат?* | И<br>индивидуално | Карти со цифри од 1–9<br>Комплети од карти кои покажуваат + и – | Работен лист<br>Набљудување, прашања, одговор, дискусија |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 15 мин | Прецизно пресметува, избирајќи операции и ментални или пишани методи соодветни на броевите и контекстот. | Можам прецизно да пресметувам, избирајќи операции и ментални или пишани методи соодветни на броевите и контекстот. | Учениците запишуваат операција (+, −, · или :) во секое квадратче за да го направат пресметувањето точно, на пример:<br>25 ☐ (-15) = 40<br>-30 ☐ (-25) = -55<br>60 ☐ (-20) = -3<br>-25 ☐ 7 ☐ (-5) = -13<br>4 ☐ (-2) = -2<br>-3 ☐ (-3) = 9<br>300 ☐ (-60) = -1800 | И<br>индивидуално | Карти со цифри од 1–9<br>Комплети од карти кои покажуваат + и – | Работен лист<br>Набљудување, прашања, одговор, дискусија |
| 15 мин | -Собира, одзема, множи и дели цели броеви.<br>Прецизно пресметува, избирајќи операци и иментални или пишани методи соодветни на броевите и контекстот. | Можам да собирам, одземам, множам и делам цели броеви<br>Можам прецизно да пресметувам, избирајќи операции и ментални или пишани методи соодветни на броевите и контекстот. | Учениците работат во парови. Земаат четири дигитални карти и ги користат за да генерираат два двоцифрени броеви. Тие исто земаат карти со два знака за да одлучат дали нивните броеви се позитивни или негативни. Ги користат нивните броеви за да состават изрази со собирање, одземање, множење и делење. Може да користат забелешки за да го поддржат своето пресметување доколку е потребно. Која стратегија ја користевте? Како го проверивте вашиот одговор? | П<br>парови | Карти со цифри од 1–9<br>Комплети од карти кои покажуваат + и – | Работен лист<br>Набљудување, прашања, одговор, дискусија |

| **Организација**: Детали за диференцијација / групи / улога на возрасен (поврзано со активностите) | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | Клучна терминологија |
|---|---|---|
| **Вовед:** Организација на цела паралелка.<br>Наставникот ги организира учениците им дава работен лист и им ја објаснува нивната задача. Понатаму во парови и групи продолжуваат да ги решаваат задачите.<br>Наставникот набљудува и дава поддршка во текот на работата на учениците. | **Проширување на знаењата на учениците кои завршиле:**: наставникот им дава работен лист со дополнителни задачи.<br>Работниот лист со дополнителни задачи останува за домашна работа за учениците кои побавно ги извршуваат зададените барања од страна на наставникот.<br>И-индивидуално Г-групи<br>Ц-цела паралелка П-во парови | цел број<br>негативен број<br>позитивен број<br>операција |